Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

# НЕЗАВИСНО ИЗВЕСТУВАЊЕ:
Република Северна Македонија

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:
**Животна средина и климатски промени**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА:
октомври 2021 – октомври 2022

Ивана Петкановска, ЦеПроСАРД Скопје

ESE

Во пресрет на подготовката на петтиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година (НАП за ПОВ 2021-2023), се формираше Мрежа на граѓански организации за ПОВ со цел поорганизирано делување и влијание на граѓанските организации на неговото креирање, како и поттикнување и мониторинг на имплементацијата на постојниот и идните акциски планови.

Со цел обезбедена вклученост на граѓанските организации во поддршка и следење на имплементацијата на НАП за ПОВ 2021-2023, Мрежата за ПОВ учествува и придонесува за воспоставување структура за координација и мониторинг на развојот и спроведувањето на НАП за ПОВ 2021-2023 обезбедувајќи независен мониторинг на имплементацијата.

# СОДРЖИНА

**Извршно резиме:**
**Република Северна Македонија –**
Животна средина и климатски промени .......................... 5

**I. Вовед** .......................... 8

**II. Имплементација на акцискиот план –**
Животна средина и климатски промени .......................... 10

**III. Методологија и извори** .......................... 19

**Анекс I.** .......................... 21
Преглед на имплементацијата на
приоритетната област – Животна средина и
климатски промени .......................... 21

**Анекс II.** .......................... 23
Извори/материјали за верификација .......................... 23

Образецот за извештајот го изработи Дарко Антиќ од Здружението ЕСЕ врз основа на обрасците за извештајот на МНИ (механизам за независно известување). Образецот е изработен за подготовка на извештаи, кои се дел од процесот за независно оценување и мониторинг на Акцискиот план за ПОВ на Република Северна Македонија од страна на претставници на граѓанските организации кои се членки на Националната мрежа на ГО за ПОВ.

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ:

## Република Северна Македонија – Животна средина и климатските промени

Овој извештај дава преглед на имплементацијата на двете заложби на НАП за ПОВ 2021 - 2023 од приоритетната област *Животна средина и климатски промени.* Заедничката цел на овие заложби е преку едукација, подигање на јавната свест и овозможување пристап до сеопфатни и веродостојни податоци, да се придонесе за намалување на загадувањето на животната средина, а со тоа и на последиците од климатските промени.

Локалните контекстуални ситуации што имааат негативно влијание врз ПОВ во земјата, според подносителите на заложбите, вклучуваат недоволен континуитет во комуникацијата/транспарентноста/информирањето од страна на институциите, особено забележувајќи ги последиците врз континуитетот, кои се јавуваат поради честите измени на кадарот во институцијата, што ги враќа процесите назад. Исто така се издвојува и зависноста од донаторската поддршка за имплементација на мерките за надминување на еколошките предизвици, наместо подобро планирање и управување со сопствените средства. Како глобална контекстуална ситуација што има силно негативно влијание е издвоена енергетската и економската криза, којашто ги успорува и ги усложнува процесите поврзани со оваа приоритетна област, а можностите за самостојно и ефикасно надминување и влијание на предизвиците се доста ограничени.

Гледано на подолг временски рок наназад, може да се каже дека има унапредување на контекстуалните ситуации во земјата, што позитивно влијае врз ПОВ. Не се издвојува некое особено достигнување (вклучително и поради карактерот на заложбите), но не се очекува ниту назадување во преостанатиот период од имплементацијата. Ветувачки аспекти: донесувањето на правилникот за ДЗП се очекува да донесе многу подобрувања, особено поради тоа што е процес што се очекува подолго време, најавата на системот за субвенционирање и поврзување на имплементацијата на правилникот со субвенционирањето и санкциите. Без оглед на резултатите од акцискиот план, Рурална коалиција го смета ОВП за еден од најтранспарентните процеси. Секако ги вклучуваат мноштвото обврски што ги презела државата на патот кон интеграциите во ЕУ во контекст на оваа приоритетна област, како на пример обврските поврзани со ратификацијата на Парискиот договор, потпишувањето на декларацијата за Зелена агенда за Западен Балкан, како и оние преземени со членството во Енергетската Заедница.

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ПРИОРИТЕТНАТА ОБЛАСТ

Севкупната имплементација на заложбите од приоритетната област *Животна средина и климатски промени* е добра, а претставниците на граѓанското општество за време на имплементацијата се доста активно вклучени. Заложбите немаат потенцијал да се означат како „ѕвездени".

Иако со спроведувањето на овие заложби ќе се направи значаен чекор за унапредување во приоритетната област, сепак не може да се каже дека тие во оваа фаза довеле или пак дека се очекува до крајот на акцискиот план да доведат до „главни" или „извонредни" резултати. Ова го констатираме од причина што се работи за заложби поврзани со спроведување на законската обврска на институциите и се дел од еден поголем синцир на потребни активности што треба да се реализираат. Како позначајно (доколку се спроведе) би мижело да се издвои постигнувањето *5.2.5. Изработка на мобилна апликација, која ќе овозможи пристап до податоци за нивото на аерозагадувањето преку мобилен телефон и континуирани нотификации за граѓаните.*

---

## ТАБЕЛА 1.

| БРЗ ПРЕГЛЕД |
|---|
| Приоритетот постои од: во првите два акциски плана (2012 - 2014 и 2014 - 2016 год.) терминот „животна средина" се провлекува делумно, во различен контекст, и не како самостоен приоритет. Во наредниот план (2016 - 2018) се појавува како приоритет само терминот „климатски промени", што продолжува и во планот 2018 - 2020. Дури во најновиот, тековен план (2021 - 2023), приоритетот е со целиот назив „Животна средина и климатски промени" |
| Период на имплементација, кој е предмет на известување: октомври 2021 - септември 2022 |
| Број на заложби во рамки на приоритетот: 2 |

| РАЗВОЈ НА ПРИОРИТЕТОТ |
|---|
| Ниво на отвореност и учество: отворен |
| Гласот на ГО: умерено влијание |
| Вклученост на јавните институции: ограничена |

| ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА |
|---|
| Усвоени заложби: 8 |
| Целосно реализирани заложби: 0 |
| Ниво на соработка меѓу ГО и јавните институции: високо |

## ПЕТ КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

Тие имаат за цел да го информираат развојот на заложбите, кои се дел од приоритетот што се оценува во следниот акциски план и да го насочат спроведувањето на тековниот акциски план. Мониторот го препорачува следново

| |
|---|
| Повеќе информации уште во повикот за учество во НАП за тоа како ќе тече процесот и кои се очекувањата од ГО и од институциите во тој процес, вклучително и подлабинска воведна обука за ГО со која ќе се претстави целиот тек на процесот на учество во ПОВ. |
| Повеќе време за изработка на заложбите, да се овозможи тие подобро да се конципираат и да се проконтролираат достигнувањата за да нема преклопувања во самата заложба. Исто така да се внимава дали заложбите што се повлекуваат во текот на процесот, навистина не требало да се доработат и да се продолжат. |
| Да се подобри и повеќе внимание да се посвети на дефинирањето и изборот на приоритетите и мерките - некои се преопширни, други ограничени. |
| Подобро конципирање на таргетите и индикаторите за да се апликативни, како и на формулирањето на достигнувањето. |
| Подетално степенување во извештајот (пр. скала со три вредности наместо пет, не дава доволно јасна претстава за промените/резултатите што настанале; формулацијата „ограничено“ за нешто што не е целосно завршено може да остави впечаток дека нештото не е добро спроведено, а не мора да значи дека тоа е лошо). |

## ЗА АВТОРОТ

**М-р Ивана Петкановска** е дипломиран инженер архитект и овластен енергетски контролор. Од 2008 година работи во ЗГ ЦеПроСАРД Скопје на теми од областа на одржливиот развој, заштита на животната средина, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија. Од 2012 година е одговорна за проектите од областа на климатските промени и енергијата.

# I. ВОВЕД

Партнерството за отворена власт е глобална иницијатива која ги обединува реформаторите од власта и лидерите од граѓанското општество во креирање акциски планови за властите да бидат поинклузивни, респонзивни и отчетни. Заложбите од акцискиот план во приоритетната област Животна средина и климатски промени може да се надоградуваат на постојните заложби, да идентификуваат нови чекори за реализација на тековните реформи или да иницираат акција во сосема нова област. Независниот монитор ангажиран за изработка на овој извештај спроведе серија активности за оцена на имплементацијата на заложбите за да се осигура дека властите ќе останат посветени на нивното спроведување. Лидерите од граѓанското општество и од власта ги користат овие евалуации за да се осврнат на сопствениот напредок и да утврдат дали преземените акции имаат влијание врз животот на луѓето.

Република Северна Македонија учествува во ПОВ од 2011 година и досега има усвоено пет акциски планови. Петтиот акциски план (2021 - 2023) ја надминува амбицијата на претходните планови, особено во однос на транспарентноста на јавните набавки, испораката на јавни услуги и пристапот до правда за ранливите групи. Целосното спроведување на планот може да ја направи Република Северна Македонија регионален лидер на Западниот Балкан во клучните области на отворена власт и ги адресира приоритетите од процесот за пристапување во ЕУ. Со оглед на опфатот и обемот на акцискиот план, потребна е тесна соработка меѓу јавните институции и граѓанското општество за постигнување значајни резултати. Заложбите од петтиот акциски план на Република Северна Македонија се организирани во пет тематски области: транспарентност, антикорупција, испорака на јавни услуги, пристап до правда и животна средина и климатски акции. Заложбите покриваат голем број теми, вклучително и јавни набавки, следење на пријавите за имотната состојба на јавните функционери, интегрирање на граѓанските приоритети во испораката на јавни услуги и зајакнување на пристапот до бесплатна правна помош. Република Северна Македонија го спроведува и својот втор акциски план за отворен парламент и првиот акциски план за отворено судство за зајакнување на транспарентноста на судските власти.

Проценката ја направи независниот монитор Ивана Петкановска од ЗГ ЦеПроСАРД Скопје, која ја направи и оваа евалуација. Извештајот има за цел да го информира тековниот дијалог за развивање и спроведување на идни заложби.

Овој извештај ја опфаќа имплементацијата на заложбите во рамките на приоритетната област Животна средина и климатски промени од петтиот акциски план на Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2023.

Согласно со наведеното во Националниот акциски план за ПОВ за 2021 - 2023 година, нашата земја има препознатливи резултати во процесот на отворена власт, кој е започнат пред десет години. Овие резултати се истакнуваат и од граѓанските организации кои со свои заложби учествуваа и во овој најнов, петти по ред НАП, во приоритентата област Животна средина и климатски промени.

Согласно со практиката на усогласување на заложбите од акцискиот план со целите на Агендата за одржлив развој 2030, заложбите од оваа приоритетна област се усогласени со целта 13 - „Климатска акција“, Таргет 13.3. - да се подобри образованието, свесноста и човековите и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, за приспособување, за намалување на влијанијата и за рано предупредување. Во рамки на овој план, приоритетната област Животна средина и климатски промени содржи две заложби: *Намалување на ефектите од климатските промени и заштита на животната средина од земјоделските активности* и *Пристап до информации за нивото на аерозагадување.*

# II. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Во креирањето и усвојувањето на заложбите во оваа приоритетна област беа вклучени претставници на граѓанското општество и релевантните институции за секоја поединечна заложба, односно за заложбата *5.1. Намалување на ефектите од климатските промени и заштита на животната средина од земјоделските активности,* ГО Рурална коалиција како подносител и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) како надлежна институција, додека за заложбата *5.2. Пристап до информации за нивото на аерозагадување,* Македонското здружение на млади правници како подносител и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) како надлежна институција. Учесниците го оценуваат процесот на развивање како многу отворен и сметаат дека имале одлична соработка за време на креирањето на заложбите. Иако нема заложби кои не се прифатени, сепак се забележува дека во текот на процесот се намалил бројот на заложби што биле комплетирани до крај. Се очекува повеќе внимание да се посвети на тоа дали навистина заложбата требало да биде откажана/повлечена/незавршена или пак треба да се охрабри нејзина доработка и комплетирање. Секако, во оправдани случаи кога се јавуваат слични заложби поднесени од повеќе организации, тие се споени во една (онаму каде што е тоа соодветно).

Во однос на севкупното ниво на напредок во реализација на заложбите, едната од гореспоменатите заложби - *5.2. Пристап до информации за нивото на аерозагадување,* може да се окарактеризира како заложба со значителна имплементација, додека за целосна имплементација во оваа фаза не може да се зборува. Исто така, не може да се оценува подобрување или назадување во однос на претходниот план, бидејќи нема директна (последователна) поврзаност на заложбите во однос на јавниот проблем што се адресира. Во секој случај, гледано наназад, може да се каже дека во областа има континуиран напредок. Како еден од клучните фактори кои придонесуваат за позитивен напредок и успешност во имплементацијата и на кој може да се влијае се соработката, комуникацијата и транспарентноста помеѓу граѓанските организации и институциите, што е посочено и од учесниците. Како фактори што исто така значително влијаат, но било потешко да се предвидат во текот на подготовката на планот и е потешко да се надминат и/или на кои учесниците имаат ограничено влијание, се глобалната енергетска и економска криза.

Иако во оваа приоритетната област нема заложби кои во оваа фаза довеле до „големи“ или „исклучителни“ промени за отворена власт, сепак може да се каже дека заложбата *5.2. Пристап до информации за нивото на аерозагадување* покажува доста добри резултати, високо ниво на соработка меѓу учесниците, комуникација, посветеност, транспарентност на претставниците на одговорната институцијата (МЖСВ).

## 2.2. ЗАЛОЖБИ

### I. (5.1.) Намалување на ефектите од климатските промени и заштита на животната средина од земјоделските активности

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА** | 1. Статус на имплементација: **ограничена** |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА** | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **НЕ** |

Општа цел на заложбата е преку зголемена едукација и информираност на руралното население да се намали загадувањето на животната средина и да се намалат негативните ефекти од климатските промени.

Заложбата го посочува јавниот проблем поврзан со загадувањето на животната средина и зголемувањето на ефектот од климатските промени како последица од земјоделските активности. Според ГО Рурална Коалиција – подносител на заложбата, во руралните средини нема доволно достапни информации ниту пак свест за горенаведениот проблем, и темата се перципира главно глобално. На руралното население му недостасува едукација за да ги препознае последиците од климатските промени и како поединецот придонесува за предизвикување на климатските промени. Се смета дека и граѓаните не се доволно вклучени во процесите на донесување на одлуки поврзани со акциите за климата. Ова резултира со проблеми, како намалено локално производство на храна и приход, аерозагаување, загрозено здравје на луѓето, негативни ефекти од климатските промени, имплементација на традиционални веќе востановени (нееколошки) практики, како и неимплементација на донесената легислатива и донесените норми.

Како што наведува и ГО Рурална коалиција во текстот на заложбата, **„Земјоделците управуваат со 50 % од земјиштето** во РСМ, **користат 60 до 80 % од слатката вода во државата**, во нивните штали, кокошарници, трла или современо кажано фарми живеат огромен број животни, **користат илјадници тони** силни и помалку силни

**токсични материи во вид на пестициди, ѓубре и останати агрохемикалии“.** Според истражувањата за структурата на земјоделските стопанства, спроведени од Заводот за статистика во 2016 година, во **индивидуалниот сектор** се ангажирани **само 5,2 %** лица **со какво било образование во земјоделството, а бројот на ангажирани високостручни кадри од обласга на земјоделството е само 0,8 %.** Што се однесува, пак, до информираноста на граѓаните, од 473 испитаници од 48 општини во РСМ во истражување спроведено од страна на МЖСПП, најзастапен е ставот дека справувањето со климатските промени не е должност на поединецот туку на Владата, индустријата и на компаниите и дека граѓаните не знаат, а и немаат доволно информации како може да помогнат во справувањето со климатските промени.

Оваа заложба се залага за унапредување на постојниот Правилник, но најважно е тој да се стави во функција, односно да се имплементира на терен.

Во моментот на подготовката на овој извештај, заложбата е делумно имплементирана.

Така, во однос на постигнувањето од точката *5.1.1. Зголемување на обемот на информации помеѓу руралното население за негативните ефекти од климатските промени и загадувањето на животната средина* (индикатори: број на изработени информативни материјали, број на одржани едукативни работилници во руралните средини, број на информирани земјоделски производители) реализирани се голем број промотивни активности од страна на ГО Рурална коалиција, и тоа:

→ Биле одржани 3 практични едукативни работилници за паметни земјоделски климатски практики директно на терен со споделување на успешни приказни и практики; на обуките биле присутни вкупно 61 учесник, а биле планирани 45.

→ Биле посетени над 30 села во 5 различни плански региони, биле реализирани 20 средби со земјоделци, биле дистрибуирани 250 флаери и постери во локалните заедници, била снимена регионална сторија на Ал Џезеира за климатските промени во земјоделството, била спроведена локална иницијатива за едукација на учениците за ефектите од климатските промени.

→ Биле мапирани 5 земјоделски стопанства коишто применуваат мерки за ублажување на климатските промени во 5 различни плански региони (во 3 од нив ќе се реализираат и практичните теренски предавања).

Во моментот нема потврдени информации за спроведување на слични активности од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во однос на роковите предвидени со планот, реализацијата на достигнувањето е планирана до март 2023 година.

Во однос на очекуваното постигнување *5.1.2. Зголемување на обемот на информации помеѓу руралното население и едукација за правилникот за Добра земјоделска пракса (ДЗП), како и измените во делот на санкциите за негова непримена на терен* (број на посетени земјоделски стопанства, број на поделени информативни материјали, број на изречени санкции за непримена на правилникот) заклучокот е дека:

→ Нема постигнувања, бидејќи во моментот нема официјална информација до каде е изработката на Правилникот за ДЗП (тој сè уште не е изработен).

Активностите до моментот на подготовката на овој извештај сè уште не се започнати, иако иницијално биле предвидени за периодот октомври – декември 2021 година.

За очекуваното постигнување *5.1.3. Проширување на листата на посебни минимални услови за ДЗП и заштита на животната средина коишто земјоделските производители ќе треба да ги исполнат со примена на Добрата земјоделска пракса и изработка на нов правилник за добра земјоделска пракса (*индикатори: број на дефинирани нови критериуми во Правилникот за ДЗП, број на изменети постојни минимални услови утврдени во правилникот, број на информирани земјоделски стопанства за измените и новиот правилник):

→ Не можат да се издвојат постигнувања поради тоа што во моментот нема официјална информација до која фаза на изработка е новиот Правилник за ДЗП, па така сè до неговото усвојување не е апликативно прибирањето на податоци поврзани со наведените индикатори.

Активноста сè уште не е започната, иако е планирана за јануари 2022 год., а реализацијата согласно со временска рамка е планирана да заврши во март 2023 година.

Ангажманот на ГО Рурална коалиција – подносител на заложбата е доста значаен, сепак недоволен за да се зборува за резултати, бидејќи во најдолем дел резултатите зависат од изработката на новиот Правилник за ДЗП (одговорност на МЗШВ), односно следуваат по неговото донесување. Оттука може да се каже дека реализацијата е сè уште слаба, односно не може да се каже дека има резултати кои придонесуваат за надминување на јавниот проблем.

Заложбата е релевантна за три области на ПОВ.

**За транспарентноста,** бидејќи би требало да овозможи пристап до нови и повеќе информации и подобар квалитетот и пристапност на информациите.

**За граѓанското учество,** бидејќи би требало да ги подобри можностите и условите за јавното учество и влијанието во креирањето на одлуките и овозможувачката околина за ГО.

**За јавната отчетност,** бидејќи треба да ги подобри правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на функционерите.

Според ГО Рурална коалиција, во последните години доста се работи во секторот и има подобрувања, особено во областа на подигање на свеста кај земјоделците за климатските промени и тие веќе сами интензивно преземаат современи мерки и технологии во земјоделството (се ориентираат на други култури, се вложува во однос на сорти, третман и средства за задржување на влажност во почвата, пластеници, заштита со градобијни мрежи итн.), но недоволната комуниција и незадоволнителното ниво на транспарентност оставаат впечатокот дека не се работи, што не соодветствува на реалната состојба.

Во моментот не може да се каже дека се подобрил квалитетот на информациите или бројот на информациите, нивната вредност, каналите на информирање или одговорите на барањата за пристап до информации што би влијаело врз отвореноста на властите.

Во изминатиот период не се креирани нови можности за барање повратни информации или за учество или информирање или влијание врз одлуките, па не може да се коментира за вградување на мислењето на граѓаните во одлуките. Каналите и просторите за барање повратни информации не се подобрени – состојбата се оценува како status quo. Нема информација дека се подобриле капацитетите на властите или на граѓаните за барање повратни информации, овозможување учество, информирање или влијание врз одлуките.

Каналите, можностите и капацитетите за барање отчетност од функционерите засега не може да се каже дека се подобрени. Заложбата би можела да помогне во овозможување на отчетноста во оваа област, односно би придонела за транспарентноста со подобрување на комуникацијата. Доколку би било овозможено, јавноста би можела повеќе да ги користи механизмите за отчетност, во секој случај неопходно е соодветното информирање на јавноста.

## II. (5.2.) Пристап до информации за нивото на аерозагадување

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА** | 1. Статус на имплементација: **ограничена** |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА** | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА** |

Општата цел на заложбата е да се обезбедат сеопфатни и веродостојни информации за нивото на аерозагадувањето во РСМ.

Заложбата го посочува јавниот проблем со неконтинуираното известување за нивото на аерозагадување на територијата на земјата. Имено, иако Државната мониторинг-мрежа за квалитет на амбиенталниот воздух ги задоволува критериумите за минимален број на мерни места во одредена зона и агломерација, пропишани во националното законодавство и европските директиви за квалитет на воздухот, мрежата изминатите години се соочувала со проблеми во однос на континуираната функционалност на мерните инструменти, особено заради староста на опремата. Така, инструментите на одредени локации (како на пример во Лисиче и други локации во Скопје, како и во Битола) во изминатите години имале прекин на информирањето за нивото на определени параметри со значително времетраење.

Како што е наведено во заложбата на Македонското здружение на млади правници, а согласно со податоците од месечните извештаи на Државниот автоматски систем за мониторирање за квалитет на амбиенталниот воздух **(https://air.moepp.gov.mk/?page_id=290),** *инструментот за следење на концентрацијата на PM 10 честичките не бил во функција на мерната станица Лисиче, додека проблеми со овој инструмент, но и инструменти за следење на концентрациите на останатите честички (CO, NO2, O3, PM2,5 и SO2) се забележани и на другите мерни станици во Скопје. Исто така, инструментите за PM10 честички на мерната станица Битола 1 не давале податоци 187 дена во 2019 година, 26 дена во 2018 година, 79 дена во 2016 година и 19 дена во 2015 година, додека инструментите за PM 10 на мерната станица Битола 2 не давале податоци 192 дена во 2019 година, 56 дена во 2018 година, 66 дена во 2017 година, 6 дена во 2016 година и 56 дена во 2015 година. Инструментите за мерење на концентрацијата на PM 2,5 честички на мерната станица Битола 2, кои се поставени во 2017 година, не давале податоци 192 дена во 2019 година и 56 дена во 2018 година.*

Во моментот на подготовката на овој извештај, заложбата е делумно имплементирана.

Така, во однос на постигнувањето од точката *5.2.1. Поставени 4 нови мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот како дел од државната мониторинг-мрежа (Прилеп, Штип, Охрид, Берово) со цел да се надополни обемот на информации за нивото на загадување во овие четири града објавени на Air Quality Portal (Air Quality Portal (moepp.gov.mk)), а во насока на овозможување на повеќе информации за граѓаните заради навремена реакција за преземање на соодветни решенија* (индикатори: 1) број на новопоставени мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот, како дел од државната мониторинг-мрежа, 2) број на информации објавени на Air Quality Portal):

→ Во однос на првиот индикатор за бројот на новопоставени мерни станици, поставени се 2 станици за мониторинг кои се инсталирани во општина Берово и во Прилеп и тие се пуштени во функција на крајот на месец декември 2021 година, додека поставувањето на третата во Охрид се очекувало да заврши до крајот на октомври 2022 година. Поставувањето на четвртата е откажано со ребалансот на буџетот за оваа година.

→ Во однос на вториот индикатор, во моментот на подготовката на извештајот не е доставен прецизен податок за бројот на објавени информации на Air Quality Portal.

Може да се каже дека е реализирано 50 % од достигнувањето, а до октомври 2022 се очекувала реализација на уште 25 %. Ова достигнување не се очекува да се реализира во целост во предвидениот рок - 31.12.2022 година.

За реализација на второто достигнување - точката *5.2.2. - Поправка на инструментите за PM 10 честички и инсталирање на нови инструменти за PM 5 кај оние мерни станици кои не се во функција со цел да се избегне прекин во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови,* поставени се следните индикатори: 1) број на новопоставени инструменти за PM 2,5 честички; 2) процент од територијата на државата за која се добиваат податоци за честичките ПМ10 и ПМ2,5.

→ Во врска со првиот индикатор, инструменти за мерење на концентрациите на честичките PM10 и PM2,5 се поставени во Прилеп и Берово во декември 2021 година.

→ Во однос на процентот од територијата на државата за кој се добиваат податоци за честичките ПМ 10 и ПМ 2,5, состојбата во првото полугодие од 2022 по месеци е следна: јануари 2022 - 94,02 %, февруари 2022 - 94,51 %, март 2022 - 92,53 %, април 2022 - 91,95 %, мај 2022 - 89,77%, јуни 2022 - 89,51 %.

Во моментот сите инструменти се во функција и ова достигнување е значително реализирано. Рокот на реализација бил предвиден за јуни 2022 година.

Индикаторите за достигнувањето *5.2.3. Редовно одржување на сите мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот како дел од државната мониторинг-мрежа во државата со цел да се избегне прекин во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови,* се следните: 1) број на променети инструменти; 2) број на извршени поправки и 3) број на инструменти кои имаат годишна покриеност од 90 %.

→ Во врска со првиот и вториот индикатор за бројот на променети инструменти/извршени поправки, доставен е податок за 8 нови инструменти со кои се заменети постојните - застарени инструменти во декември 2021 година, како и за спроведената набавка и испорака на резервни делови во јуни 2022 година. За секоја следна година од акцискиот план, овој податок соодветно ќе се дополнува.

→ За бројот на инструменти, пак, кои имаат годишна покриеност од 90 %, доставен е следниот податок изразен во проценти заклучно со јуни 2022: јануари 2022 - 96,55 %, февруари 2022 - 97,79 %, март 2022 - 96,87 %, април 2022 - 95,85 %, мај 2022 - 93,61 %, јуни 2022 - 91,01%.

Ова достигнување е во процес на реализација, а рокот на завршување е предвиден за декември 2023 година.

Достигнувањето *5.2.4. Обезбедување на сет резервни мерни инструменти со цел да се избегне прекин во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови* е незапочнато.

Предвидениот краен рок на реализација на ова достигнување (јуни 2022 година) не е запазен заради одложено започнување на планираниот проект од каде што треба да се набават резервните мерни инструменти

Во однос на достигнувањето *5.2.5. Изработка на мобилна апликација која ќе овозможи пристап до податоци за нивото на аерозагадувањето преку мобилен телефон и континуирани нотификации за граѓаните,* тоа не е започнато. За оваа активност биле побарани дополнителни средства во рамките на проектите што ги спроведува МЖСПП, но тие не биле одобрени и се бараат средства од други донатори.

Предвидениот краен рок за реализација на ова достигнување нема да се запази заради сѐ уште необезбедени дополнителни средства.

Статусот на достигнувањата поврзани со заложбата *5.2. Пристап до информации за нивото на аерозагадување* редовно се објавува на порталот на Партнерство за отворена власт: https://ovp.gov.mk/nap_proposals/пристап-до-информации-за-нивото-на-аер/

При имплементацијата на оваа заложба, карактеристично е високото ниво на соработка помеѓу претставниците на Македонското здружение на млади правници, како подносител на заложбата и надлежната институција - Министерството за животна средина и просторно планирање. Досегашните позначајни резултати од имплементацијата ги вбројуваат поставувањето на две (и започната трета) нови мерни станици од планираните вкупно четири. Исто така важно е да се забележи дека територијата на државата имала доста висок процент на покриеност со податоци за честичките ПМ 10 и ПМ 2,5 на месечно ниво во периодот од јануари до јуни 2022 година, кој се движел помеѓу 89,51 - 94,51 %. Послаба реализација имаат деловите од заложбата за кои се очекувала финансиска поддршка од надворешни/меѓународни фондови и донации, односно во најголем дел инвестиции кои не биле планирани од сопствениот буџет на државата. Влијанието на енергетската и економската криза е исто така сериозен фактор поради кој се намалени средствата за инвестиции токму поврзани со оваа заложба, инвестициите од буџетот се исто така значаен фактор за нивото на крајната реализација на заложбата. Во моментот може да се каже дека реализацијата е добра и дека до крајот на НАП 2021 - 2023 може да се очекуваат значителни резултати кои придонесуваат за надминување на јавниот проблем.

Според МЗМП реализацијата на оваа заложба придонесува во процесот на отворање на властите. Заложбата е важна за три вредности на ПОВ.

**За транспарентноста,** бидејќи унапредувањето на државната мониторинг-мрежа за мерење на аерозагадувањето (надградба, редовно одржување и информирање) и овозможува на јавноста да добива сеопфатни и веродостојни информации за состојбите.

**За граѓанското учество,** бидејќи достапноста на релевантните информации придонесува за поефикасно учество на ГО во политиките од областа на аерозагадувањето, засновано на аргументи.

**За јавната отчетност,** бидејќи преку обезбедување веродостојни информации за нивото на аерозагадувањето, граѓаните можат да го мониторираат постигнувањето на стратешките цели од релевантната област и соодветно да реагираат, што поттикнува одговорност кај институциите навремено да реагираат за решавање на предизвиците и да работат во согласност со презементие законски и меѓународни обврски, како на пр. Архуската конвенција.

Може да се каже дека заложбата влијаела врз отвореноста на властите, бидејќи се подобрил квалитетот на информациите и бројот на релевантните информации, нивната вредност. Сепак се смета дека уште треба да се работи на подобрување на востановените канали на информирање (веб-страница, социјални мрежи, медиуми и сл.).

Не се истакнати некои креирани и особени можности за барање повратни информации, овозможување учество, влијание врз одлуките, вградување на мислењето на граѓаните во одлуките. Се проценува дека е потребно значително унапредување на веб-страницата и зајакнување на комуникацијата по мејл со граѓанските организации од областа. Сепак, Фејсбук-профилот на институцијата се истакнува како алатка која доста се користи за информирање, која истовремено влијае врз подобрување на капацитетите на граѓаните за барање повратни информации, овозможување учество, информирање или влијание на одлуките.

Исто така, не се издвоени ниту некои особени подобрувања поврзани со каналите, можностите и капацитетите за барање отчетност од функционерите. Истовремено се отвора и прашањето за тоа колку граѓаните се подготвени да користат такви механизми за барање отчетност.

# III. МЕТОДОЛОГИЈА И ИЗВОРИ

Овој извештај е изработен за потребите на проектот „Поддршка на процесот на спроведување и следење на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021 - 2023, кој го спроведува ФООМ заедно со Центарот за граѓански комуникации и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, во соработка со Министерството за информатичко општество, а е поддржан од Секретаријатот за отворена власт. Главната задача на независниот мониотор е изработка на извештај за напредокот на имплементацијата на НАП за ОВП 2021 - 2023 за приоритетната област Животна средина и климатски промени.

При изработката на извештајот, како клучна насока беше земена главната цел на проектот - *фасилитирање на процесот на Отворено владино партнерство (ОВП) и следење на Националниот акциски план за 2021 - 2023 (НАП за ОВП 2021 - 2023), како и на специфичните цели на проектот: 1) обезбедена навремена и квалитетна имплементација на НАП за ОВП 2021 - 2023, 2) зајакнат процес за имплементација на заложбите за НАП за ОВП 2021 - 2023, 3) подобрен квалитет на вклученост на засегнатите страни и одржан дијалог за време на имплементацијата на НАП за ОВП 2021 - 2023, 4) одржлива вклученост и подобрување на мониторингот во текот на спроведувањето на заложбите од НАП за ОВП 2021 - 2023 и 5) зголемена јавна свест за достигнувањата во имплементацијата на НАП за ОВП 2021 - 2023.*

**Изработката ги вклучи следните специфични работни задачи:**

- → **учество во онлајн работилница за примена на методологијата за следење со јасни насоки за ангажманот и работните обврски**
- → **подготовка на алатки за следење**
- → **спорведување на методологијата, следење, регистрирање и известување за спроведувањето на НАП за ПОВ 2021 - 2023**
- → **учество на работни состаноци**
- → **подготовка на извештајот и доставување.**

## ВРЕМЕНСКА РАМКА:

| ЗАДАЧА | КОРЕКЦИЈА |
|---|---|
| Присуство на обука за примена на методологијата за следење | Септември 2022 |
| Спроведување на методологијата | 3 септември - 15 октомври 2022 |
| Подготовка на прва верзија на извештајот од спроведениот мониторинг | До 30 октомври 2022 |
| Подготовка на финален извештај | До 31 декември 2022 |

Како основа за информирање на овој извештај користени се информациите од:

→ Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021 - 2023, и поспецифично заложбите од приортиетната област *Животна средина и климатски промени*

→ Порталот на Партнерство за отворена власт (https://ovp.gov.mk/) како и специфично наменетиот дел за следење на НАП на овој портал за заложбите од приортиетната област Животна средина и климатски промени, https://ovp.gov.mk/nap_proposals/намалување-на-ефектите-од климатскит/ и https://ovp.gov.mk/nap_proposals/пристап-до-информации-за-нивито-на-аер/

→ Онлајн состаноци, комуникација по мејл и докази за верификација на достигнувањата доставени од учесниците во имплементацијата на двете заложби и тоа за заложбата *5.1. Намалување на ефектите од климатските промени и заштита на животната средина од земјоделските активности* - граѓанската организација Рурална коалиција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и заложбата *5.2. Пристап до информации за нивото на аерозагадување,* односно Македонското здружение на млади правници и Министерството за животна средина и просторно планирање

При изработката на извештајот се следени насоките на нарачателот, вклучително и доставените материјали и упатства.

# АНЕКС I.

## ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРИОРИТЕТОТ ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

### Легенда

ЗЕЛЕНО = реализирана (завршена)

ЖОЛТО = во тек (само доколку се преземени сите потребни чекори и заложбата ќе биде реализирана)

ЦРВЕНО = незапочната или започната заложба, но нема напредок во имплементацијата

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| **5.1.** | **Намалување на ефектите од климатските промени и заштита на животната средина од земјоделските активности** | **5.1.1**. Зголемување на обемот на информации помеѓу руралното население за негативните ефекти од климатските промени и загадувањето на животната средина | |
| | | **5.1.2.** Зголемување на обемот на информации помеѓу руралното население и едукација за Правилникот за Добра земјоделска пракса (ДЗП) како и измените во делот на санкциите за негова непримена на терен | |
| | | **5.1.3.** Проширување на листата на посебни минимални услови за ДЗП и заштита на животната средина, коишто земјоделските производители ќе треба да ги исполнат со примена на ДЗП и изработка на нов правилник за ДЗП | |
| **5.2** | **Пристап до информации за нивото на аерозагадување** | Поставени 4 нови мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот како дел од државната мониторинг-мрежа (Прилеп, Штип, Охрид, Берово) со цел да се надополни обемот на информации за нивото на | |

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| | | на загадување во овие четири града објавени на Air Quality Portal (Air Quality Portal (moepp.gov.mk)), а во насока на овозможување на повеќе информации за граѓаните заради навремена реакција за преземање на соодветни решенија | |
| | | Поправка на инструментите за PM 10 честички и инсталирање на нови инструменти за PM2,5 честичките кај оние мерни станици што не се во функција со цел да се избегне прекин во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови | |
| | | Редовно одржување на сите мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот како дел од државната мониторинг-мрежа во државата за да се избегне прекинот во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови | |
| | | Обезбедување на сет резервни мерни инструменти со цел да се избегне прекинот во обезбедување на информации на јавноста за нивото на загадување во нивните градови | |
| | | Изработка на мобилна апликација која ќе овозможи пристап до податоци за нивото на аерозагадувањето преку мобилен телефон и континуирани нотофикации за граѓаните | |

# АНЕКС II.

## ИЗВОРИ / МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА

Изворите/материјалите за верификација се дадени во прилог на извештајот и се состојат од: фотографии од спроведени активности, изработени промотивни материјали во ПДФ, како и снимена регионална сторија (сите за заложбата 5.1., сторијата е достапна на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=_pMD_fxdjy0&t=49s), белешки од работни состаноци помеѓу имплементаторите, информации објавени на порталот на ОВП од имплементаторите (сите за заложбата 5.2.), комуникациии по мејл со податоци, како и аудиозаписи од одржани онлајн состаноци (за двете заложби - 5.1. и 5.2.).

## КОРИСНИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Microsoft Word - for web_2019-21-Design-Report-Template.docx (opengovpartnership.org)

2. Microsoft Word - for web_Implementation-Report-2017-19-APs-template_to-use-updated-12-17-19.docx (opengovpartnership.org)

3. IRM Reports and Analysis (opengovpartnership.org)

4. IRM Guidelines for the Assessment of Minimum Requirements (opengovpartnership.org)

5. NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf (ovp.gov.mk)

Процесот е поддржан од Секретаријатот на ПОВ како дел од проектот „Поддршка на процесот за спроведување и следење на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023", кој го спроведува Фондација Отворено општество - Македонија во партнерство со Центар за граѓански комуникации и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација